## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 28 став (7) од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/23), министерот за финансии донесе

# ТАРИФНИК ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ПАРИЧНИОТ НАДОМЕСТОК ЗА ОБУЧУВАЧИ НА ОБУКАТА ЗА СТЕКНУВАЊЕ ЛИЦЕНЦА ЗА ФИНАНСИСКИ ИНСПЕКТОР

### Член 1

Со овој тарифник се утврдува висината на паричниот надоместок за обучувачи на обуката за стекнување лиценца за финансиски инспектор (во натамошниот текст: обуката), спроведена согласно со програма за теоретска обука и практична работа.

### Член 2

(1) Висината на паричниот надоместок се утврдува во зависност од времетраењето на обуката во часови, сложеноста на обуката и потребата од подготовка на материјали за спроведување на обуката.

(2) Времетраењето на обуката може да биде од 2 (два) до 8 (осум) часа дневно.

### Член 3

(1) Висината на паричниот надоместок за обучувачи за обуката од член 1 од овој тарифник е утврдена во следната табела:

| Паричен надоместок за обучувач по основ на сложеноста на обуката | | Паричен надоместок за обучувач по основ на потребата од подготовка на материјали (изразено во денари) |
|---|---|---|
| Теоретска обука за општ дел (изразено во денари/час) | Теоретска обука за посебен дел (изразено во денари/час) | |
| 800,00 | 1.200,00 | 1.000,00 |

(2) Висината на вкупниот паричен надоместок за обучувач за обуката се пресметува така што износот утврден по сложеноста на обуката се множи со бројот на часови за кои бил ангажиран обучувачот и се собира со износот на потребата од подготовка на материјали.

### Член 4

Овој тарифник ќе започне да се применува од денот на неговото донесување.

Бр. 22-7888/1

23 -11- 2023 .2023 година

Скопје

Министер за финансии,

dr. Fatmir Besimi, с.р.